# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА ОД ПУЛМОЛОГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ЉИЉАНА СИМОНОВСКА И Д-Р САЊА БАЛЏИЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-77/6 од 136. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 17.3.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Милка Здравковска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– доц. д-р Марија Вавлукис, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Одбрани поглавја од пулмологија и фтизиологија**” **од авторите насл.доц.д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева**, наменет за студентите на прв циклус студии при Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Наслов на скриптата: „ОСНОВНИ ПОГЛАВЈА ОД ПУЛМОЛОГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА“.

Наслов на предметот: Интерна медицина, со неделен фонд на часови 6+3 за студиска програма во 7 и 8 семестар.

Име и презиме на авторите на трудот: насл.доц.д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева.

***Податоци за обемот ракописот***

Скриптата содржи 179 страници на А4 формат со прилози (95 слики и 26 табели) и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Кај нас досега не се објавени учебници, учебни помагала и скрипти од оваа област кои на студентите по медицина би им овозможиле на еден пристапен начин поткрепен со научни факти да се запознаат со основите на оваа научна дисциплина. Според содржина, стилот на кој е напишана и илустрирана, скриптата ќе биде материјал кој може да биде од интерес и на другите здравствени професионалци кои доаѓаат во контакт со обработената проблематика.

Скриптата според својата содржина, начинот на обработка и оригиналниот начин на разработка на тематските единици претставува учебно помагало кое ќе овозможи голема ефикасност во воведувањето на студентите во областа на пулмологијата и фтизиологијата.

Оваа скрипта ќе послужи како вредна алатка за стекнување основни знаења од областа на пулмологијата и фтизиологијата како дисциплина во интерната медицина.

***Краток опис на содржината***

Скриптата обработува содржини значајни за пулмологијата и фтизиологијата и е поделена на шеснаесет тематски единици кои одговараат на составените цели:

1. **АНАТОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ -** дел во кој се опишани основните анатомски карактеристики на белите дробови (начинот на гранење на трахеобронхијалното стебло, поделбата на бронхијалното стебло според функцијата, големината и бројот на алвеолите и сл.), за адекватно претставување на комплексната функција на белите дробови во процесот на размена на респираторните гасови.
2. **ФУНКЦИЈА НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ –** во овој дел детално е обработена белодробната фунцкија со основните подфункции (вентилација, дистрибуција, дифузија и перфузија). Обработени се нивните механизми и нивната улога во комплексниот процес на размена на респираторните гасови.
3. **ПРОПЕДЕВТИКА НА РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ –** во овој дел се обработени сите методи за дијагноза на пулмоналните заболувања (анамнеза, физикален преглед, лабораториски испитувања, испитувања на белодробната функција, имиџинг техниките и инвазивните испитувања). Посебен акцент е ставен на методите за испитување на респираторната функција (мала и голема спирометрија) и инвазивните испитувања.
4. **АКУТНИ ГОРНОРЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ –** во овој дел се обработени најчестите акутни горнореспиратони ифекции со посебен осврт на алергискиот ринитис и тонзилофарингитот. Алергискиот ринитис е од посебно значење поради честата корелација со бронхијалната астма.
5. **АКУТНИ ДОЛНОРЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ –** во овој сегмент се обработени трите нозолошки ентитети: акутниот бронхит, хроничната опструктивна белодробна болест и пневмониите. Даден е посебен осврт на комплексното лекување на хроничната опструктивна белодробна болест.
6. **АСТМА –** астмата е презентирана во овој дел со цела нејзина комплексност (етиопатогенеза, клиничка слика и лекување).
7. **ПУЛМОНАЛНА ТРОМБЕМБОЛИЈА –** во овој сегмент се презентирани факторите на ризик за пулмоналната тромбемболија, како животозагрозувачки ентитет, со целата комплексност во поглед на дијагнозата и лекувањето.
8. **ПРИМАРНА БЕЛОДРОБНА ХИПЕРЕТЕНЗИЈА –** како ретка генетски условена болест, со симптоматологија која брзо прогредира и ограничени тераписки можости, е претставена во овој сегмент од учебното помагало.
9. **БРОНХИЕКТАЗИЈА –** во овој сегмент многу илустративно се прикажани можностите за егзактна нивна дијагноза (бронхографијата и компјутеризираната томографија), поделбата и клиничката експресија.
10. **ЦИСТИЧНА ФИБРОЗА -** во овој дел е прикажана цистичната фиброза, како многу ретка но комплексна болест со ограничени тераписки можности. Посебен акцент е ставен на вонбелодробните зафаќања на жлездите со егзокрина секреција.
11. **САРКОИДОЗА –** како системска болест со мултиорганско засегање, со непозната етиологија и хроничен тек е прикажана во единаесеттиот сегмент на ова учебно помагало.
12. **АКУТЕН РЕСПИРАТОРЕН ДИСТРЕС СИНДРОМ –** во овој дел е претставен акутниот респираторен дистрес синдром како заболување со драматична клиничка слика, при што се случува акутно зголемување на пермеабилноста на алвеолокапиларната мембрана како последица на инфекција или повреда на белите дробови.
13. **ТУМОРИ НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ –** дел во кој се презентирани факторите на ризик, клиничките манифестации, дијагностичките постапки, нивната поделба со класиикација, како и можностите за нивно лекување.
14. **ЗАБОЛУВАЊА НА ПЛЕВРАТА -** големиот број на заболувања на плеврата и различните механизми за настанување и различните методи за нивна диференцијација се прикажани во овој сегмент на учебното помагало.

15. **ЗАБЛУВАЊА НА МЕДИЈАСТИНУМОТ –** нивната тешка клиничка слика и ограничените можности за дијагноза се прикажани во петнасеттиот дел на скриптата.
16. **ТУБРКУЛОЗА –** како заболување со комплексна етиопатогенеза, разновидна клиничка експресија со мултисистемско зафаќањ, и со комплексноста во лекувањето, особено на резистентната и МДР туберкулоза е прикажано во шеснаесеттиот сегмент на оваа скрипта.

## З А К Л У Ч О К

Како нов труд од ваков вид на Универзитетот и во државата, заснован на факти изведени од научни истражувања, се очекува овој ракопис да предизвика интерес кај сите што се занимаваат со оваа проблематика и да помогне во развивањето на рационален пристап на решавање на предизвиците на сите оние кои се образуваат и работат во областа на медицината, а чија активност е поврзана со пулмологијата и фтизиолгијата.

Ракописот **„ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА ОД ПУЛМОЛОГИЈА И ФТИЗИОЛОГИЈА“** од авторите насл.доц.д-р Љиљана Симоновска и д-р Сања Балџиева е материјал кој ќе биде од основна важност за студентите по медицина, како учебно помагало за совладување на предметната содржина.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме ракописот да биде објавен како учебно помагало-скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**
**Доц. д-р Марија Вавлукис, с.р.**